РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:**

Упп Бр. 03-50

Скопје 24.08.2019 г.

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван,

Точни се забелешките од Вашата претставка (наш арх. бр. 03-50 од 19.07.2019 година) по однос на разликите во предупредувачките сигнализации аплицирани на: 1) - најавите „(8+)“ и 2) - на епизодите „(12+)“ од играниот серијал „Екатерина Велика“. Но – не станува збор за суштинска повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, туку веројатно за – технички превид. Имено, на 18 јули 2019 година, кога сте ја пратиле претставката, емитувана е четвртата епизода од овој серијал, и тоа во соодветен програмски термин - по 21 часот, и со соодветна ознака – „*12+ - програми од трета категорија, за кои е неопходен надзор од родител / старател*“. Оттаму, условно речено – „штетата“ – пред сè во однос кон потенцијалната публика на серијалот, направена со недоследно аплицирање предупредувачка сигнализација, очигледно се должи на небрежност, без некаква посебна намера. Агенцијата ќе побара од 1ТВ да ја усогласи сигнализацијата на најавите од серијалот.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

---------------------------------------------

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје